*МАКЕДОНИЈА*

# ЗНМ: Нападнати новинари, повреден снимател од Алсат, бараме итна реакција од МВР

Објавено пред **4 недели** - **21 август, 2023**
Од **М. Т. / Макфакс**










Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) бара од Министерството за внатрешни работи да спроведе брза и ефикасна истрага за денешниот напад кон вработени од ТВ Алсат во Скопје.

НАЈНО

Дознај прв!

„Имено, денеска за време на снимањето инсерти за промо на емисија во Скопската чаршија на јавна површина, нападнати се снимател и новинарките Ера Ѓакова и Сара Хоџа од страна на сопственик на берберница во скопската чаршија. Според изјавите на нашите колеги, додека снимале инсерти во чаршијата за потребите на емисијата од еден од дуќаните излегол сопственикот, бербер со ножици и им се обратил со вербални навреди и закани по живот, при што на снимателот му нанел видливи повреди на главата“, велат од ЗНМ.

При физичкиот напад била оштетена и опремата на снимателот.

„ЗНМ веднаш контактираше со новинарката од Алсат, Ера Ѓакова која беше видно вознемирена ни го потврди инцидентот и ни даде конкретни информации дека екипата со која снимале на терен била нападната без причина од страна на непознато лице, ситуацијата била непредвидлива и многу вознемирувачка, особено за нападнатиот снимател а и за колешката Сара Хоџа на која ова не и е прв пат да биде нападната, “лицето по нападот се врати во дуќанот а потоа повторно илезе, но кога виде дека веќе се собраа минувачи да помогнат а и дека е повикана полициска екипа се упати во непознат правец ”, додаваат од ЗНМ,

ЗНМ бара од Министерството за внатрешни работи да спроведе брза и ефикасна истрага во интерес на пронаоѓање и санкционирање на напаѓачот.

„Потенцираме дека заканите по живот се кривични дела предвидени во Кривичниот законик а МВР и ОЈО, треба итно да ги истражат и процесираат со цел да ги казнат оние кои го прекршуваат законот но и да превенираат евентуални вакви кривични дела во иднина“, завршуваат оттаму.

Like Share Tweet

©Makfax.com.mk Доколку преземете содржина од оваа страница, во целост сте се согласиле со нејзините Услови за користење.

**ПОВРЗАНИ АРТИКЛИ:** #ЗНМ

ПРЕТХОДНО
По жалбите за мобинг на Кардиологија, Меџити ќе ги повика на разговор и директорот и вработените, а не исклучи можност и за радикални мерки

СЛЕДНО
Пожар кај вештачкото езеро Мантово, зафатени над 15 хектари сува трева

БИ МОЖЕЛО ДА ВЕ ИНТЕРЕСИРА И...



МАКЕДОНИЈА /
За стент на л
не мора да с
во Словенија
кардиохиру
првата опер

ЕКОНОМИЈА / 4
Грчка компа
околу 1 мил
гради хидро
„Чебрен“, со

МАКЕДОНИЈА /
Лога: Да има
задоволува

ЗНМ: Осуда за физичкиот напад врз снимателот на ТВ24 Иван Камчев

ЗНМ ќе поднесе претставка до МВР заради непрофесионален однос кон

ЗНМ на тест, изборот на Чадиковски под прашалник

*МАКЕДОНИЈА*

# За стент на лак на аорта повеќе не мора да се оди во Грција или во Словенија, Државната кардиохирургија ја направи првата операција

Објавено пред **10 минути** - **15 септември, 2023**
Од **Маја Илиевска-Пачемска**

Универзитетската клиника за државна кардиохирургија првпат стави стент на лак на аорта кај пациент со аневризма на лакот на аорта. Оваа специфична метода лекарите

од Државната кардиохирургија велат дека во регионот се изведува само во Грција и Словенија за пациенти кои се високоризични. Се изведува со полесна анестезија и пациентите покусо време остануваат во болница.

Дознај прв!

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ...

*МАКЕДОНИЈА*

# Објавен јавниот повик за распределба на 62 станови во социјалната зграда во Неготино

Објавено пред **12 минути** - **15 септември, 2023**
Од **В. Ј. / Макфакс**

Министерството за транспорт и врски денеска го објави јавниот оглас за распределба на 62 станови во социјалната зграда во Неготино.

Дознај прв!

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ...

*МАКЕДОНИЈА*

# Министерството за одбрана објави јавен оглас за прием на 150 професионални војници

Објавено пред **17 минути** - **15 септември, 2023**
Од **В. Ј. / Макфакс**

Министерството за одбрана го објави Јавниот оглас за прием на 150 професионални војници на служба во Армијата на Република Северна Македонија.

Дознај прв!

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ...

RSS МАРКЕТИНГ ИМПРЕСУМ КОНТАКТ УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ

Copyright © 2018 - Member of IAB Macedonia